ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG
25 Jahre

# Религијата во политичките кампањи


Владимир Божиновски
Марјан Николовски





www.kas.de

# Религијата во политичките кампањи

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

# Импресум

**Наслов:**
Религијата во политичките кампањи

**Автори**:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

**Координација**:
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Статистичка/квантитативна анализа:**
Гораст Стојменовски

**Дизајн:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна страница:**
Авторските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# Содржина


**Вовед** 5

**Концепт на истражувањата** 7

**Методологија на истражување** 8

**Демографски карактеристики** 17

**Табеларен приказ на резултатите** 24

# Вовед

Интернет порталот Религија.мк заедно со Институтот за политички истражувања Скопје (ИПИС) и Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) го продолжуваат проектот за следење на перцепцијата на граѓаните во однос на религијата и мултирелигиозното општество на Република Северна Македонија.

Ова најново истражување се фокусира на неколку важни аспекти од релациите меѓу државата и верските заецници, односите на религијата и општеството како и перцепцијата на граѓаните за улогата на религијата во политичките процеси или улогата на политичките процеси врз религијата.

Истражувањата што изминативе години се реализираат во себе ја вбројуваат и поврзаноста на политиката и религијата, односно беа направени две претходни истражувања на оваа тема кои овозможуваат споредбени податоци со ова истражување. Улогата на политиката и религијата во општества како македонското е исклучително сензитивна и од тој аспект е корисна анализата на перцепцијата на граѓаните за ваквиот политичко-религиозен однос.

И ова истражување, како и серијата други, во себе го вклучуваат делот за религиски барометар, од кој се следи процентуалната религиска припадност на населението во државата, неговата религиозност и степенот на практикување на верските обичаи. Овој дел е важен затоа што овозможува годишен преглед на религиската припадност на населението од кој може да се видат процеси на зголемување или намалување на религиозноста.

Кога станува збор за првиот дел од истражувањето, кој е насочен кон анализа на перцепцијата на граѓаните за релациите меѓу државата и верските заедници, вклучувајќи ги и процесите на блиски, или далечни релации со политиката, предмет на интерес на ова истражување беше да се добие поконкретна слика за тоа што мислат граѓаните во кој правец се движат односите на верските заедници и државата.

Директен повод за истражувањето беа последните локални избори во земјата. Предизборниот период, кампањата и постизборниот период, беше доволен временски период да се лоцираат постапките на политичките актери од изборите, но и на претставниците на верските заедници во контекст на изборите. Политичките актери честопати може да се видат во друштво на претставници на верските заедници при посети на верски храмови, практикување на верски обреди на јавни места, но и честопати религиозен дискурс во рамки на нивните партиски активности.

Од тие причини ова истражување имаше за цел да измери како на ова гледаат граѓаните, што од тоа оправдуваат, што не. Дали има злупотреба или употреба на религијата во политичките процеси, но и дали верските убедувања влијаат кај граѓаните врз нивниот избор за време на изборниот процес.

За таа цел беа подготвени серија прашања, кои даваат прецизна слика на политичко-религиската симбиоза на општеството.

Првиот сет на прашања, надвор од делот за религиски барометар и довербата на граѓаните кон верските институции, беше фокусиран на тоа дали во предизборната кампања била користена религијата како средство за обезбедување гласови. Тука беа барани одговори за тоа дали и кои политички партии ја користеле религијата во изборната кампања, но од друга страна исто така се бараше одговори на тоа дали религијата, религиозноста имала пресудна улога кај испитаниците во поглед на тоа за кого би гласале.

Графичките податоци, анализата на резултатите и споредбените податоци со другите истражувања не даваат некои значајно различни поместувања за оваа тема во општеството.

Вториот сет на прашања беше насочен кон мерење на мислењето на испитаниците околу религиозната припадност на кандидатите. Прашањата требаше да дадат еден преглед на тоа како изгледа еден гласач во државата кога пред него има избор на кандидати со различна религиска припадност. Односно, целта беше да се види дали нему му се важни овие елементи при изборот, и дали е ослободен, или не, од предрасудите на религиска основа во изборниот процес.

Третиот сет прашања беше наменет кон дефинирање на релациите меѓу политиката и религијата. Каква е улогата на политиката во религиските процеси, и обратно каква е улогата на верските институции во политичките процеси. Конкретно овде беше анализирана перцепцијата на граѓаните за улогата, јавните настапи, поддршката и неподдршката на верските претставници кон одредени политички актери и процеси, но и взаемниот однос на политиката и религијата. Од одговорите на овие прашања може да се согледа потенцијална фаворизираност на одредени политички партии и идеологии од страна на верските заедници.

Сите овие елементи на ова истражување се исклучително важни за контекстот на македонскиот мултирелигиозен мозаик, но истовремено и добра основа за анализа на политичките процеси и текови.

Од ова истражување може да се гради релативно стабилен и издржан став во поглед на можните меѓусебни влијанија на политиката и религијата во ова општество. Нивното следење е добра основа за анализирање на можните чекори кои би требало да превенираат евентуални злупотреби.

Од сите досегашни истражувања на оваа тема, може да се извлече еден општ заклучок дека политиката и религијата во земјата имаат тенденција на взаемни влијанија, но линијата на пристојност во односите не е надмината. Влијанието на религијата врз политиката е далеку помало, во споредба со влијанието на политиката врз религијата.

Она што е некаква константа е јавното демонстрирање религиозност на одредени политички актери, како што е константа мислењето на јавноста дека тоа е недозволиво.

# Концепт на истражувањата

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповед, но во случај на погрешна имплементација или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мултиетничкиот концепт во изминатите неколку децении, мултирелигискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество.“ Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# Методологија на истражување

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и dual frame sampling model (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РСМ. Националните анкети се спроведуваат со стратификуван примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1128 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 40% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

# Анализа

Како и претходните две истражувања на оваа тема, истражувањето насловено **„Религијата во политичките кампањи“** е спроведено по завршување на локалните избори, во втората половина на ноември 2025 година. Истражувањето е направено на сличен прашалник како и претходните две истражувања спроведени пред околу пет, односно осум години, или поточно по завршување на парламентарните избори во 2020 и локалните избори 2017, а со цел да се направи компаративна анализа и да се детектираат евентуалните промени во перцепцијата на граѓаните во изминатите неколку изборни циклуси. Ова истражување, како и претходните слични истражувања кои имаат за цел да ја детектираат поврзаноста на религијата со различни општествени процеси, спроведени во периодот 2016-2025 година, беше дел од проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество.“

Во минатите изборни циклуси религиозните убедувања честопати се користеа од страна на политичките партии во предизборните периоди. Религијата била секогаш една од темите на политичката кампања, а понекогаш и меѓу најзначаните сегменти на анонимната подземна негативна кампања, спроведувана од страна на политичките партии во минатото, иако со различен интензитет, во зависност од политичките околности пред изборите.

Партиите честопати ја користат религијата со цел да креираат тензии и атмосфера на конфликт со што сметаат дека полесно може да се мобилизираат нови гласови. Во минатото, на пример за време на парламентарните избори во 2016, некои од политичките партии отворено ја промовираа религијата како еден од главните инструменти во политичката кампања.

Основна цел на ова истражување беше да се утврди перцепцијата на општеството за употребата и влијанието на религијата во политичките кампањи, како од аспект на користење на религијата од страна на различни политички субјекти, така и од аспект на пристапот на верските заедници кон политиката.

Во почетниот, односно воведен дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните за религијата и нивниот однос кон религиозното учење. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција на религијата. Овие прашања беа вклучени и во претходните две истражувања кои се однесуваа на религијата и политичките кампањи спроведени во 2020 и 2017 година.

Првото од воведните прашања во анкетата беше ***на која религија и припаѓате***, при што 72% (71% во 2020 и 77% во 2017) се изјасниле како православни и 24% (25% во 2020 и 21% во првата анкета) муслимани, додека католици, припадници на други религии или атеисти биле околу 4% (3% претходно) од испитаниците. Сепак, како што беше напоменато и во претходните слични истражувања, секогаш мора да се земе во предвид разликата помеѓу припадност и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, како и претходно второто прашање од анкетата беше ***дали за себе може да***

***кажете дека сте религиозен/на.*** На ова прашање високи 50% (55% во 2020 и 50% во анкетата од 2017) кажале дека се религиозни и дополнителни 35% (31% во 2020 и 29% претходно) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 13% (14% во 2020 и 21% во 2017) од испитаниците. Кај православните овој процент е 10% (16% во 2020 и 22% во првото истражување, додека кај муслиманите 13% (4% во 2020 и 14% претходно). Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражувања, како и од други слични истражувања, дека Република Северна Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија.

Последното прашање од воведниот дел во истражувањето се однесува на перцепциите за верските заедници, односно ***дали имате доверба во  вашата верска заедница (МПЦ-ОА за православни, ИВЗ за муслимани итн.)*** на што потврдно одговориле 53% (50% во 2020 и 41% во 2017) од православните христијани во однос на МПЦ-ОА и 29% (35% во 2020 и 49% во 2017) од муслиманите за ИВЗ. Донекаде доверба во своите верски заедници имаат 26% (20% во 2020 и 25% во 2017) од православните и 38% (32% во 2020 и 13% во 2107) од муслиманите, додека малку доверба имаат 11% (15% во 2020 и 16% во 2017) од православните и 19% (18% во 2020 и 11% во 2017) од муслиманите. Во МПЦ-ОА воопшто немаат доверба 9% (13% во 2020 и 18% во 2017), а во ИВЗ 11% (12% во 2020 и 24% во 2017) од верниците.

Во следниот дел од анкетата се мереше перцепцијата на граѓаните околу користењето на религијата во предизборните кампањи на политичките партии на неодамна завршените парламентарни избори. Прашањето гласеше ***дали во предизборната кампања беше користена религијата и религиозните чувства на граѓаните со цел да се привлечат повеќе гласови од страна на политичките партии.*** На ова прашање потврдно одговориле 11% (17% во 2020 и 20% во истражувањето од 2017) од испитаниците, 17% (19% во 2020 и 23% во 2017) сметаат дека донекаде е користена религијата во кампањите на политичките партии, 12% (15% во 2020 и 13% во 2017) дека донекаде не е користена, додека 39% (34% во 2020 и 26% во 2017) сметаат дека религијата воопшто не била користена во кампањата за локалните избори. Од овие одговори произлегува дека за околу 28% (36% во 2020 и 43% во 2017) од испитаниците религијата е повеќе или помалку употребена во кампањата, а околу 51% (49% во 2020 и 39% во 2017) таа малку или воопшто не се користи од страна за партиите. *Иако е сеуште релативно висок процентот на испитаници кои сметаат дека религијата е употребена во кампањата за последните избори може да се забележи тренд на намалување на употреба на религијата во политичка кампања доколку резултатите се споредат со претходните истражувања направени во 2020 и 2017 година.*

Одредено намалување на перцепцијата за користење на религија во кампањите се потврдува и директно во одговорите на следното прашање, ***односно споредено со претходни избори дали сега има повеќе, помалку или исто користење на религија и религиозни симболи во политичките кампањи.*** На ова прашање 14% од испитаниците одговориле дека има повеќе (5% повеќе и 9% донекаде повеќе), 27% сметаат исто како и претходно, додека 23% (8% донекаде помалку и 15% помалку) сметаат дека на последните избори партиите користеле помалку религија и религиозни симболи во политичката кампања.

*Иако се намалува перцепцијата кај граѓаните во однос користењето на религијата во кампањите од страна на партиите, сепак се наметнува претпоставката дека политичките партии сеуште сметаат дека може да привлечат одреден број на гласови апелирајќи на религиозните чувства на граѓанинот.*

Сепак *слично како и во претходните истражувања, само кај релативно мал дел од граѓаните користењето на религијата во кампањата имало влијание во нивниот избор за кого би гласале* на денот на изборите. Имено само 6% (8% во 2020 и 7% во 2017) сметаат дека користењето религијата и религиозните симболи во предизборните кампањи имаат влијание за кого да се определат на денот на гласање, а 10% (исто 10% во 2020 и 7% во 2017) сметаат дека религијата донекаде може да влијае на нивниот избор. Од друга страна 10% (15% во 2020 и 8% во 2017) сметаат дека религијата има многу мало влијание, додека најголем дел од граѓаните или 66% (64% во 2020 и 74% во 2017) сметаат дека религијата нема никакво влијание во однос на нивниот политички избор на денот на изборите.

Од претходните одговори се забележува дека *и понатаму е валиден заклучокот дека политичките партии во своите кампањи (иако со јасен тренд на намалување) користат инструменти кои се надвор од политичката сфера, во овој случај религијата, иако политичката корист од ова е релативно мала*. Сепак, со оглед дека за партиите секој глас е важен *очигледно е дека тие сеуште прибегнуваат (а најверојатно ќе продолжат и понатаму иако со помал интензитет) кон дополнителни мерки за поврзување на партијата со нови потенцијални гласачи, особено кога се забележува тренд на намалување на излезноста во последните неколку изборни циклуси.*

Оваа претпоставка може да се потврди и во одговорите на следните две прашања, односно на прашањето ***дали според вас е прифатливо кандидатите за градоначалници да бараат благослов од верски претставници за време на кампања или по изборот за градоначалник*** 21% од граѓаните одговориле потврдно, додека 64% од испитаниците сметаат дека тоа не е прифатливо. На прашањето ***дали за вас е пресудна религиозноста на кандидатите за тоа за кого би гласале*** 11% одговориле со *да* и дополнителни 13% *со донекаде да*. Од друга страна со *донекаде не* одговориле 12% а со *не, воопшто* високи 57% од испитаниците. Доколку се споредат афирмативните одговори на овие две прашања, со одговорите на претходните две *може да се забележи дека кај околу дваесетина проценти од граѓаните користењето на религијата во политичките кампањи од страна на политичките партии, може да има влијание за кого тие би се определиле на гласачкото ливче на денот на избори.* Имено, околу 14% сметаат дека повеќе се користи религија во кампањите, за околу 16% спомнување на религија има влијание за кој ќе гласаат, за 21% е прифатливо кандидатите да бараат благослов, а за 24% е донекаде или целосно пресудна религиозноста на кандидатите при нивниот избор.

Со оглед дека не сите политички субјекти еднакво ја користат религијата во своите политички кампањи, на испитаниците им беше поставено прашањето, ***на скала од 1 до 5, колку следниве политички партии ја користеа религијата во својата предизборна кампања.*** Притоа на граѓаните им беа наброени политичките партии кои ќе бидат застапени во новиот парламент. Врз основа на оцените од 1 до 5 беа изведени средните вредности за секоја партија соодветно. Според испитаниците, религијата се користи најмалку во политичките

кампањи на Левица со просечна оцена 1,74 (1,95 во 2020), потоа кај СДСМ со просечна оцена од 1,84 (2,01 во 2020 и 2,40 на претходната анкета 2017) и ВМРО-ДПМНЕ со просечна оцена од 2,34 (2,44 во 2020 и 2,60 во 2017). Кај партиите на етничките албанци, според граѓаните религијата се користи во нешто поголем интензитет и тоа: кај ДУИ просечната оценка е 2,73 (2,80 во 2020 и 3,38 во 2017) и кај коалицијата ВРЕДИ 2,65.

Од резултатите на ова прашање, освен заклучокот дека *според граѓаните, етничките албански партии сеуште донекаде повеќе ја користат религијата во предизборните кампањи, се наметнува и заклучокот дека се забележува намалување, во користењето на религијата во политичките кампањи и тоа кај сите партии генерално со што се потврдува трендот забележан меѓу првото и второто истражување во 2017 и 2020 година.*

Во претходните прашања се мереа ставовите на испитаниците околу користењето на религијата во предизборната кампања. Основна цел на следното прашање е да се утврдат перцепциите на граѓаните во однос на тоа дали воопшто треба или не треба да се користи религијата во политичка кампања. Тие беа запрашани ***дали сметате дека користењето на религијата и религиозните симболи во изборните кампањи е дел од едно нормално политичко претставување на програмата и заложбите на една политичка партија или тоа претставува злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните?*** Најголем дел од испитаниците одговориле дека користењето на религијата во кампањите претставува злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните, односно 68% (80% во 2020, а 71% во 2017) од испитаниците (76% (83% во 2020) од православните и 47% (72% во 2020) од муслиманите), додека само мал дел од испитаниците или 9% (11% во 2020 и во 2017) или 7% од православните (8% во 2020) и 13% од муслиманите (20% во 2020) сметаат дека користењето на религијата е дел од *нормалното политичко претставување,* што наведува на заклучокот дека *граѓаните се против користењето на религија и религиозни симболи во политичка кампања.*

Следните две прашања во анкетата се однесуваа на перцепцијата на граѓаните во однос на заложбите за градење или обнова на верски објект како дел од предизборните ветувања на партиите и кандидатите. Имено на прашањето ***дали сметате дека изградба/обнова на верски објект треба да биде дел од програмата на кандидатите за градоначалник***, 26% од испитаниците одговориле потврдно, додека 61% биле против, а на прашањето ***дали би гласале за кандидат кој во својата програма вклучува изградба на верски објект од друга религија*** исто така 26% одговориле потврдно, а 53% одговориле со не. Одговорите на двете прашања се многу слични и кај христијаните и кај муслиманите. Од овие одговори може да се заклучи дека *повеќето граѓани се против предизборни ветувања поврзани со градење или обнова на верски објекти, без оглед на тоа чиј објект треба да се обнови или гради и тоа важи подеднакво и за христијаните и за муслиманите.* Во одговорите на овие прашања повторно се забележува трендот присутен и во претходните одговори, а поради кој се наметна и заклучок дека кај приближно дваесетина проценти од граѓаните користењето на религијата во предизборни кампањи може да даде одреден политички резултат.

Следното прашање беше креирано со цел да се утврди колкава е поврзаноста на религијата и наклонетоста кон одреден политичар или политичка опција. На прашањето ***дали би гласале за политичар***

***кој е со вероисповед различна од вашата?*** 52% (33% во 2020) одговориле потврдно, од кои 58% (33% во 2020) православни и 36% (32% во 2020) муслимани), иако релативно високи 35% (58% во 2020) одговориле негативно (31% и 46% кај христијани и муслимани следствено, за разлика од 2020 каде процентот е 58% и кај двете главни конфесии). Од ова произлегува дека за разлика од истражувањето во 2020 *повеќе од половината македонски граѓани би гласале за политичар со различна вероисповед од нивната, иако за голем број граѓани конфесијата кон која припаѓаат одредени политичари сеуште има одлучувачка улога во поддршката кон одредена политичка опција која тие ја претставуваат, како клучен предуслов (или исклучувачки фактор) за тие воопшто да размислат дали ќе гласаат за нив, без разлика на нивната политичка ориентација, преференци и дали тие воопшто ја истакнуваат религијата во своите политички портфолија. Сепак за разлика од претходно има големо намалување на политичките преференци кои исклучуваат гласање за кандидат со различна конфесија што е особено истакнато кај христијаните (намалување од 58% во 2020 на 31% сега), а ова намалување донекаде се забележува и кај муслиманите (од 58% 2020 на 46%) во ова истражување.*

Во однос на перцепцијата на граѓаните околу ***влијанието на религијата врз политичките процеси во општеството,*** околу 50% (60% во 2020) од испитаниците сметаат дека религијата има влијание врз политичките процеси (16% целосно и 34% донекаде), додека со спротивен став се релативно пониски 35% (30% во 2020). Како и во претходното истражување може да се заклучи дека одреден *импакт врз ставовите на граѓаните кои во мнозинство сметаат дека религијата има влијание во политичките процеси, освен користењето на религијата во креирање на политичката идентитетска матрица имаат и употребата на верските симболи во испраќање на политички пораки, како и вклученоста на верските заедници во одредени политички процеси. Сепак треба да се напомене дека иако сеуште високи, има одредено намалување кај овие перцепции споредено со претходните истражувања.*

Со цел да се проверат претпоставките произлезени од одговорите на претходното прашање, следните три прашања се однесуваа на перцепциите на граѓаните за употребата на политиката и дневно-политичките настани од страна на верските лидери. Овие прашања во сличен или ист формат беа поставени и во анкетите спроведени во 2020 и 2017 година. На прашањето ***според вас дали има политички пораки во јавните настапи на верските лидери?*** 38% (47% во 2020 и 38% во 2017) или 42% од православните (исто 42% во 2020 и 37% во 2017) и 28% од муслиманите (59% во 2020 и 43% во 2017) одговориле потврдно, а 40% (34% во 2020 и 33% во 2017) или 35% од православните (36% во 2020 и 34% во 2017) и  54% од муслиманите (31% во 2020 и 30% во 2017) сметаат дека нема политика во јавните настапи на верските лидери. На прашањето ***дали според вас е прифатливо верските лидери да се произнесат со став за одредени политички проблеми во јавноста?*** 19% (25% во 2020 и 24% во 2017), односно 20% (14% во 2020 и 20% во 2017) од православните и 17% (53% во 2020 и 38% во 2017) од муслиманите одговориле дека тоа е прифатливо, но за високи 68% (67% во 2020 и 53% во 2017) или за 70% (77% во 2020 и 59% во 2017) од православните и 64% (40% во 2020 и 35% во 2017) од муслиманите тоа е неприфатливо. Во одговорите на ова прашање се *забележува исчезнување на претходната релативно голема дискрепанца меѓу православните и муслиманските испитаници и тренд кој кај православните претставува континуитет на перцепцијата*

*на неодобрување на праќање политички пораки од страна на верските лидери, додека кај муслиманите сериозно намалување на претходно високиот процент на одобрување на политички пораки од страна на верските лидери, со што практично исчезнува претходно високиот јаз во перцепциите на припадниците на двете најголеми конфесии по однос на ова прашање.*

Следното прашање гласеше ***дали за вас е прифатливо верските лидери да зборуваат и јавно да се произнесуваат во корист на одредени политички субјекти во своите проповеди?*** На ова прашање со да одговориле 10% (15% во 2020) , а со не 77% (76% во 2020) од испитаниците. За разлика од релативно високата дискрепанца по однос на ова прашање во 2020 година каде само 8% од православните, а релативно високи 35% од муслиманите одговориле со да, во ова истражување речиси идентични 10% од православните и 11% од муслиманите одговориле потврдно на ова прашање.

Од одговорите на овие прашања може да се заклучи дека *за разлика од претходната анкета во 2020 како и во анкетата во 2017 година каде се наметна заклучокот дека политиката е повеќе присутна кај муслиманските верски лидери, отколку кај православните и дека и за самите муслимански верници тоа е поприфатливо, во ова истражување речиси и да не постои разлика помеѓу православните и муслиманите во однос на високиот степен на противење на мешање на политиката и религијата, особено од страна на верските претставници и лидери.*

Во ист контекст беа и одговорите на следното прашање ***дали е според вас прифатливо политичарите да се произнесуваат по одредени верски прашања,*** каде 20% одговориле потврдно, додека 66% сметаат дека не е прифатливо за политичарите да се произнесуваат по одредени верски прашања.

На прашањето ***колкаво влијание имаат верските лидери и заедници во политиката*** 49% (55% во 2020) од испитаниците изјавиле *големо* или *донекаде големо.* Дека имаат *мало* или *воопшто немаат влијание* одговориле 33% (36% во 2020) од испитаниците од што може да се заклучи дека *повеќето граѓани сметаат дека верските лидери и заедници имаат одредено влијание во политиката.*

Последните две прашања се однесуваа на ставот на верските лидери кон одредена политичка партија во предизборниот период. Имено првото прашање беше ***според вас дали верските заедници фаворизираа одредена партија за време на изборите,*** на што потврдно одговориле 24% од испитаниците, додека 34% сметале дека верските заедници немале фаворит за време на изборниот период. Второто прашање беше наменето само за граѓаните кои сметале дека верските заедници фаворизирале одредена партија и тие беа запрашани ***која партија според вас била фаворизирана од страна на верските заедници.*** Дека тоа е ВМРО-ДПМНЕ сметаат 6%, исто толку се изјасниле и за коалицијата НАИ, предводена од ДУИ, додека за коалицијата ВРЕДИ се одлучиле 5% од испитаниците. Дека верските заедници ја фаворизираат СДСМ сметаат помалку од еден процент од испитаниците, исто како и за некоја друга партија. Од овие одговори може да се донесе заклучок дека *релативно мал број од граѓаните, односно помалку од една четвртина сметаат дека верските заедници фаворизирале одредена партија, а од тие што сметаат дека е тоа така, по околу 6% (за секоја одделно) се одлучиле за ВМРО-ДПМНЕ, НАИ и ВРЕДИ.*

# Заклучок

- **Иако е сеуште релативно висок процентот на испитаници кои сметаат дека религијата е употребена во кампањата за последните избори може да се забележи тренд на намалување на употреба на религијата во политичка кампања доколку резултатите се споредат со претходните истражувања направени во 2020 и 2017 година.**

- **Иако се намалува перцепцијата кај граѓаните во однос користењето на религијата во кампањите од страна на партиите, сепак се наметнува претпоставката дека политичките партии сеуште сметаат дека може да привлечат одреден број на гласови апелирајќи на религиозните чувства на граѓанинот.**

- **Сепак слично како и во претходните истражувања, само кај релативно мал дел од граѓаните користењето на религијата во кампањата имало влијание во нивниот избор за кого би гласале.**

- **И понатаму е валиден заклучокот дека политичките партии во своите кампањи (иако со јасен тренд на намалување) користат инструменти кои се надвор од политичката сфера, во овој случај религијата, иако политичката корист од ова е релативно мала.**

- **Очигледно е дека партиите сеуште прибегнуваат (а најверојатно ќе продолжат и понатаму иако со помал интензитет) кон дополнителни мерки за поврзување на партијата со нови потенцијални гласачи, особено кога се забележува тренд на намалување на излезноста во последните неколку изборни циклуси.**

- **Може да се забележи дека кај околу дваесетина проценти од граѓаните користењето на религијата во политичките кампањи од страна на политичките партии, може да има влијание за кого тие би се определиле на гласачкото ливче на денот на избори.**

- **Според граѓаните, етничките албански партии сеуште донекаде повеќе ја користат религијата во предизборните кампањи, се наметнува и заклучокот дека се забележува намалување, во користењето на религијата во политичките кампањи и тоа кај сите партии генерално со што се потврдува трендот забележан меѓу првото и второто истражување во 2017 и 2020 година.**

- **Граѓаните се против користењето на религија и религиозни симболи во политичка кампања.**

- **Повеќето граѓани се против предизборни ветувања поврзани со градење или обнова на верски објекти, без оглед на тоа чиј објект треба да се обнови или гради и тоа важи подеднакво и за христијаните и за муслиманите.**

- **Повеќе од половината македонски граѓани би гласале за политичар со различна вероисповед од нивната, иако за голем број граѓани конфесијата кон која припаѓаат одредени политичари сеуште има одлучувачка улога во поддршката кон одредена политичка опција која тие ја претставуваат, како клучен предуслов (или исклучувачки фактор) за тие воопшто да**

**размислат дали ќе гласаат за нив, без разлика на нивната политичка ориентација, преференци и дали тие воопшто ја истакнуваат религијата во своите политички портфолија.**

- **Сепак за разлика од претходно има големо намалување на политичките преференци кои исклучуваат гласање за кандидат со различна конфесија што е особено истакнато кај христијаните (намалување од 58% во 2020 на 31% сега), а ова намалување донекаде се забележува и кај муслиманите (од 58% 2020 на 46%) во ова истражување.**

- **Одреден импакт врз ставовите на граѓаните кои во мнозинство сметаат дека религијата има влијание во политичките процеси, освен користењето на религијата во креирање на политичката идентитетска матрица имаат и употребата на верските симболи во испраќање на политички пораки, како и вклученоста на верските заедници во одредени политички процеси. Сепак треба да се напомене дека иако сеуште високи, има одредено намалување кај овие перцепции споредено со претходните истражувања.**

- **Се забележува исчезнување на претходната релативно голема дискрепанца меѓу православните и муслиманските испитаници и тренд кој кај православните претставува континуитет на перцепцијата на неодобрување на праќање политички пораки од страна на верските лидери, додека кај муслиманите сериозно намалување на претходно високиот процент на одобрување на политички пораки од страна на верските лидери, со што практично исчезнува претходно високиот јаз во перцепциите на припадниците на двете најголеми конфесии по однос на ова прашање.**

- **За разлика од претходната анкета во 2020 како и во анкетата во 2017 година каде се наметна заклучокот дека политиката е повеќе присутна кај муслиманските верски лидери, отколку кај православните и дека и за самите муслимански верници тоа е поприфатливо, во ова истражување речиси и да не постои разлика помеѓу православните и муслиманите во однос на високиот степен на противење на мешање на политиката и религијата, особено од страна на верските претставници и лидери.**

- **Повеќето граѓани сметаат дека верските лидери и заедници имаат одредено влијание во политиката.**

- **Релативно мал број од граѓаните, односно помалку од една четвртина сметаат дека верските заедници фаворизирале одредена партија, а од тие што сметаат дека е тоа така, по околу 6% (за секоја одделно) се одлучиле за ВМРО-ДПМНЕ, НАИ и ВРЕДИ.**

# Демографски карактеристики

### 1.1 Табела

| Пол | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Машки | 563 | 49.9 |
| Женски | 565 | 50.1 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

### 1.1 Графикон



### 1.2 Табела

| Возраст | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до 29 години | 188 | 16.7 |
| од 30 до 39 години | 207 | 18.4 |
| од 40 до 49 години | 222 | 19.7 |
| од 50 до 59 години | 223 | 19.8 |
| над 60 години | 288 | 25.5 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

### 1.2 Графикон



### 1.3 Табела

| Образование | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до основно | 97 | 8.6 |
| основно | 132 | 11.7 |
| средно | 669 | 59.3 |
| вишо и високо | 230 | 20.4 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

### 1.3 Графикон



### 1.4 Табела

| Професија | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Студент | 50 | 4.4 |
| Вработен во приватен сектор | 438 | 38.8 |
| Вработен државен сектор | 207 | 18.4 |
| Самовработен или сопственик на приватен бизнис | 34 | 3.0 |
| Земјоделец | 10 | 0.9 |
| Пензионер | 244 | 21.6 |
| Невработен | 135 | 12.0 |
| Друго | 10 | 0.9 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

### 1.4 Графикон



**1.5 Табела**

| Етникум | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Македонец | 814 | 72.2 |
| Албанец | 267 | 23.7 |
| Друго | 47 | 4.2 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

**1.5 Графикон**



**1.6 Табела**

| Место | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Село | 288 | 25.5 |
| Помал град | 238 | 21.1 |
| Поголем град | 346 | 30.7 |
| Скопје | 256 | 22.7 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

**1.6 Графикон**



### 1.7 Табела

| Регион | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Вардарски регион | 83 | 7.4 |
| Источен регион | 107 | 9.5 |
| Југозападен регион | 120 | 10.6 |
| Југоисточен регион | 100 | 8.9 |
| Пелагониски регион | 145 | 12.9 |
| Полошки регион | 164 | 14.5 |
| Североисточен регион | 77 | 6.8 |
| Скопски регион | 332 | 29.4 |
| Вкупно | 1128 | 100.0 |

### 1.7 Графикон



# Табеларен приказ на резултатите :

## П.1 На која религија и припаѓате?

| | | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| На која религија и припаѓате? | Православна | 71.7% | **71.9%** |
| | Исламска | 24.1% | **23.7%** |
| | Друга | 2.5% | **1.4%** |
| | Атеист | 1.5% | **2.7%** |
| | НЗ/НО | 0.2% | **0.4%** |




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Државен сектор | Самовработен/ сопствeник | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1128** | **100%** | **563** | **565** | **188** | **207** | **222** | **223** | **288** | **97** | **132** | **669** | **230** | **50** | **438** | **207** | **34** | **10** | **244** | **135** | **10** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | 811 | **71.9%** | 70.9% | 72.9% | 69.7% | 67.6% | 67.1% | 69.5% | 81.9% | 68.0% | 60.6% | 74.3% | 73.0% | 78.0% | 66.9% | 71.0% | 64.7% | 80.0% | 86.5% | 63.7% | 50.0% |
| | Исламска | 267 | **23.7%** | 24.5% | 22.8% | 27.1% | 26.1% | 27.9% | 24.7% | 15.6% | 23.7% | 31.1% | 22.1% | 23.9% | 18.0% | 29.9% | 25.6% | 32.4% | 10.0% | 11.1% | 23.7% | 30.0% |
| | Атеист | 16 | **1.4%** | 1.8% | 1.1% | 1.1% | 2.9% | | 1.8% | 1.4% | 3.1% | | 1.6% | 0.9% | 4.0% | 1.4% | 1.0% | 2.9% | 10.0% | 1.6% | | |
| | Друга | 30 | **2.7%** | 2.3% | 3.0% | 2.1% | 2.9% | 4.5% | 3.6% | 0.7% | 4.1% | 7.6% | 1.8% | 1.7% | | 1.1% | 2.4% | | | 0.8% | 11.9% | 20.0% |
| | НЗ/НО | 4 | **0.4%** | 0.5% | 0.2% | | 0.5% | 0.5% | 0.4% | 0.3% | 1.0% | 0.8% | 0.1% | 0.4% | | 0.7% | | | | | 0.7% | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **814** | **267** | **47** | **288** | **238** | **346** | **256** | **83** | **107** | **120** | **100** | **145** | **164** | **77** | **332** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | 98.3% | | 23.4% | 39.6% | 89.1% | 79.2% | 82.4% | 98.8% | 96.3% | 48.3% | 95.0% | 91.7% | 26.8% | 66.2% | 73.8% |
| | Исламска | | 95.9% | 23.4% | 50.3% | 9.2% | 17.9% | 14.8% | | 1.9% | 49.2% | 2.0% | 4.1% | 72.0% | 10.4% | 21.7% |
| | Атеист | 0.6% | 0.4% | 21.3% | 2.1% | 1.7% | 1.2% | 0.8% | | 1.9% | | | 2.8% | 1.2% | 5.2% | 1.2% |
| | Друга | 0.7% | 3.7% | 29.8% | 7.6% | | 1.2% | 1.6% | | | 1.7% | 2.0% | 1.4% | | 18.2% | 3.0% |
| | НЗ/НО | 0.4% | | 2.1% | 0.3% | | 0.6% | 0.4% | 1.2% | | 0.8% | 1.0% | | | | 0.3% |

## П.2 Дали за себе можете да кажете дека сте религиозен/на?




| | | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 57.4% | **50.5%** |
| | Донекаде да | 30.7% | **35.3%** |
| | Донекаде не | 6.0% | **6.8%** |
| | Не | 4.7% | **5.9%** |
| | НЗ/НО | 1.1% | **1.4%** |

| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
